**20220740869**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 14 став (1) од Законот за енергетика (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 март 2022 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА КРИТЕРИУМИТЕ И УСЛОВИТЕ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА КРИЗНА СОСТОЈБА ВО СЛУЧАИ НА ВРЕМЕНСКИ И ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ, ХАВАРИИ И НАРУШУВАЊА НА ПАЗАРИ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, НАЧИНОТ НА СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ВО КРИЗНА СОСТОЈБА, МЕРКИТЕ ШТО СЕ ПРЕЗЕМААТ ВО СЛУЧАЈ НА КРИЗНА СОСТОЈБА, КАКО И ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ НА НОСИТЕЛИТЕ НА ЛИЦЕНЦИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ ДЕЈНОСТИ

Член 1

Во Уредбата за критериумите и условите за прогласување на кризна состојба во случаи на временски и природни непогоди, хаварии и нарушувања на пазари на електрична енергија, начинот на снабдување со електрична енергија во кризна состојба, мерките што се преземаат во случај на кризна состојба, како и правата и обврските на носителите на лиценци за вршење на електроенергетски дејности („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.246/21 и 300/21), во членот 8 став (7) точка 2) по зборовите „вклучително и репрограмирање на доспеани побарувања од балансно одговорните страни и ослободување од обврската за зголемување на финансиските обезбедувања по основ на склучените договори за балансна одговорност“ се додаваат зборовите „освен во случај ако не се загрозува ликвидноста на ОЕПС“.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-2652/1
22 март 2022 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.